**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отворам Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан, Славица Станковска, Рафет Муминовиќ, Ѓорѓи Спасов, Трифун Костовски, Невзат Бејта, Зоран Крстевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Илија Китановски и Спиро Мавровски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присиствиваа 87 пратеници.

Констатирам дека Собранието може да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници, оваа седница ја свикав по барање на 20 пратеници, заради разгледување на Предлог на декларација за поддршка на Светиот архиерејски синод на Македонската Православна Црква.

За денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог на декларација за поддршка на Светиот архиерејски синод на Македонската Православна Црква.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Пред да гласаме, процедурално збор побара господин Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Ако може процедурално.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа против оваа точка на дневниот ред од повеќе причини:

Заради тоа што, без разлика кој е мотивот и колку е тој искрен и добронамерен, тешко дека  со носење на ваква декларација ќе се постигне посакуваната цел. Со инволвирањето на Собранието во работи што се од исклучива надлежност на Црквата и нејзините власти, само ќе ја продолжиме лошата пракса секој да се меша насекаде и каде што треба и каде што не треба.

Впрочем, ако нашите лични, индивидуални ставови кон Македонската Православна Црква и нејзиното учење се искрени, треба отворено да кажеме дека сегашната состојба всушност во голема мерка е резултат на недозволеното мешање на политичките интереси во црковните работи.

Ние како пратеници не мора, меѓутоа како граѓани, како следбеници секој на својата вера добро е да знаеме дека местото на богослужителите е во божјите храмови, а нивната улога првенствено е да се молат за себе, за својот народ и за својата татковина.

Македонската Православна Црква постои и тој факт не зависи и не се менува ниту од волјата на некои браќа по вера, пријатели од надвор, ниту пак декларациите за или против што ќе ги донесат световните власти. Македонската Православна Црква е дел од идентитетот на македонската државност и не ретко во историјата била главниот столб на нашето битисување.

Затоа, крајно време е да престанеме со политички играрии чиј интерес се ситни, дневни, да не речам добивки, да не буричкаме таму каде што не треба да не се делиме по единствениот основ што треба да не одржува неделиви. Работата е премногу важна и премногу сериозна. Расправата по една ваква декларација во овој момент би била мошне несериозна, што може да не одведе во несогледиви последици по прашања како што се името и статусот на Македонската Православна Црква.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Лилјана Поповска бара збор процедурално).

Ве молам исклучете го системот за гласање.

Ве немаше на дисплејот, па затоа.

Вие не сте пријавена госпоѓо Поповска, сега се пријавивте, меѓутоа сега има и други пријавени.

Повелете, претпоставувам дека и вие барате процедурално, па имате три мунути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакала да кажам во име на пратеничката група на Либерално демократската партија, да се произнесам во врска со потребата за една ваква точка, ставање на една ваква точка на дневен ред.

Знаете дека Либерално демократската партија, меѓу првите излезе со многу јасен став во врска со последните односи помеѓу Македонската Православна Црква и Српската Православна Црква, изразувајќи...

(Во салата настана џагор и раздвиженост).

Ве молам претседателе може ли редот да се чува, јас не можам да дискутирам во ваква една состојба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве молам за внимание додека има дебата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, Либерално демократската партија излезе со став веднаш по објавувањето на последниот развој на настаните помеѓу двете цркви и искажа длабока загриженост поради лошиот развој на односите поомеѓу МПЦ и СПЦ, како две сестрински цркви, на два соседни народи. Го изразивме својот став дека покрај тоа што тоа значи потполно негирање на МПЦ од страна на СПЦ, тоа значи и негирање на македонскиот народ и македонската држава.

Понатаму, искажавме дека влошувањето на односите меѓу црквите може да направи и политичка штета во регионот, внесувајќи раздор и недоверба меѓу народите. Оваа одлука претставува опасен атавизам во време кога Македонија и Србија како држави интензивно работат на вкупната стабилизација на регионот, преку зајакнување на соработката на политички, стопански и културен план.

Понатаму ЛДП во својата изјава даде максимална поддршка на МПЦ да опстои во борбата за самобитност и достоинствено да ги застапува интересите на

своите верници. Беше искажано дека сите сме свесни дека последниве настани се само една епизода од вековната борба за самобитност на Црквата, секогаш тесно поврзана со борбата за самостојна македонска држава и за афирмација на македонската национална мисла.

Значи, тргнувајќи од овој јавно искажан став ЛДП го изрази своето мислење и на претходната седница на Парламентот при утврдувањето на дневен ред, со тоа што покажавме заинтересираност евентуално да се најде одредена формулација преку која што ќе може да се изрази една јасна определба на Парламентот во целина.

Но, при тоа, сметавме дека таа формулација треба да има една граѓанска основа и во себе да ги обединува пратениците од различни етноси и различни вери. Убедени бевме дека поединечното изјаснување на една или две политички партии нема да овозможи таа декларација, каква и да е да се доживее како декларација на Собранието на Република Македонија и дека напротив, внесување точка на дневен ред околу која што нема широк консензус во Собранието, а што е од интерес на голем број наши граѓани, дека би можело дури и евентуално да придонесе за поголема штета и создавање едно неубаво чувство кај граѓаните.

Затоа реков дека сме заинтересирани да поразговараме, да имаме контакти со политичките партии во Парламентот и да се обидеме да изградиме консензус за секој одреден граѓански став кој што би го обединувал она што е стратешки интерес на државата и на регионот. А, тоа е да има мир, да има еден позитивен развој на настаните и добрососедските односи.

Но, доколку таков консензус не се изгради, дека не би имало смисла дискутирање на таа точка. Во случајов, за жал, бидејќи не се постигна тој консензус, ЛДП се произнесе дека нема услови за излегување со една таква декларација.

Така што нашата пратеничка група ќе гласа сходно на своите убедувања.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Трендафилов.

Претпоставувам и вие барате процедурално, повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ќе кажам неколку зборови од името на иницијаторите. Тие се претставници во Собранието на Република Македонија од три политички партии: ВМРО-ДПМНЕ,

Либералната партија и Социјалистичката партија, иако за момент имавме надеж дека кон оваа иницијатива ќе се приклучат и Либерално демократската партија и Социјалдемократскиот сојуз. Но, после излагањето на генералниот секретар на СДС мислам дека секому е јасно дека дури и приемот на Светиот архиерејски синод кај претседателот на Владата на Република Македонија беше една обична фарса, затоа што во претходното излагање, слушнавме како СДС толку многу ја почитува Македонската Црква и нејзината улога во историјата и затоа нема да гласа за една декларација што требаше да произлезе од ова Собрание. Претпоставувам тие се повеќе загрижени за состојбата во нивната коалиција отколку за состојбата во Македонската Православна Црква и релацијата која Македонската Православна Црква ја има во екуменатa.

Би сакал да го истакнам следново, МПЦ, секако дека има исклучително важно место како столб на македонската државност. Истовремено би сакал да ги потсетам колегите од СДС дека верници на МПЦ се и македонци кои не се државјани, македонци по род кои не се државјани на Република Македонија. Значи, нејзиното значење ги надминува многу пошироко и многу подалеку државните граници на Република Македонија.

Исто така, убеден сум дека сето тоа што се случуваше односно доаѓаше од СПЦ во ниту еден момент не се посомневав дека се случува, дека тоа е нешто случајно. Напротив, тоа е само уште едно заокружување во една широка лепеза што доаѓа од неколку центри на моќ а имаат само една единствена цел, разнебитување на македонската држава. Или, ако не може да се дојде до тоа, ослабување во нејзините витални институции, нејзините витални национални интереси.

Затоа претпоставувавме, ние, како иницијатори, дека ова прашање го согледуваат и пратениците од СДС и бидејќи тие кажаа колку ја почитуваат улогата на МПЦ во историјата на македонскиот народ и конституирањето на современата македонска држава, дека ќе го дадат својот глас за оваа декларација. Впрочем, ние добивме уште една Предлог-декларација од Светскиот македонски конгрес што само оди во правец на тврдењето што го кажав на почетокот дека гецезата на МПЦ во многу рамки ги надминува границите на македонската држава.

Затоа, уште еднаш ги повикувам пред се пратениците од СДС да покажат повеќе доблест, да ги надминат дневно-политичките интереси што ги имаат во сопствената коалиција и да дадат поддршка за оваа декларација, затоа што на најсилниот можен начин Собранието на Република Македонија ќе покаже дека

цврсто стои врз статешките интереси на Република Македонија и дека нема да молчи и нема да биде одминувано по било кое прашање што ќе се отвора во иднина.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор бара господинот Андов.

Претпоставувам, исто процедурално.

Повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Мислам дека сме исправени пред едно прашање кон кое треба да се определиме сега и тоа е многу значајно. Мислам дека овде не станува збор за некое мешање во црковните работи и нема да одлучуваме ни за каква црковна догма и да го градиме ставот према молитвите и тн., туку станува збор за еден очигледен напад врз идентитетот на македонскиот народ и еден од столбовите на историското живеење на македонскиот народ.

Мислам дека можеме да се договориме, да изгласаме точката да дојде на дневен ред, а текстот на декларацијата, доколку мисли некој дека е премногу црковно обоем, да го дотераме, така како што ќе се договориме овде,

Сметам дека нападот врз МПЦ, амбициите да се воспостави целосна СПЦ, овде кај македонските верници, против нивната волја, се работи за газење на националните чувства на нашите граѓани, а Собранието е должно за ова да води сметка. Мислам дека, интерес за да се одговори правилно и да се заземе правилен став, овој пат имаат и оние пратеници кои се од православна вероисповест, но и оние кои не се православна вероисповест и кои не се христијани, од причина што се работи за едно флагрантно посегање по некои основни граѓански права во Македонија и тоа од странска институција. СПЦ е дел на српското општество. Многу е добро што ги градиме односите  со Србија и Црна Гора, мислам тие и натаму ќе се развиваат и ќе работиме на тоа да се развиваат, но властите на таа земја мораат да бидат свесни дека овде тоа се доживува, дека од средината на Србија и Српското општество доаѓа по посегање на битни, национални и граѓански права во Македонија. Затоа мислам дека е потребно да остане точката и ќе гласаме да остане на дневен ред, а отворени сме и ќе делуваме на нашите коалициони партнери кои исто така се иницијатори на овој предлог, да прифатат да се дотера текстот на оваа декларација, како тој би бил прифатлив за сите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Ставот на Социјалистичката партија по ова прашање е одамна познат.

Односите помеѓу СПЦ и МПЦ, во подлг временски период се нарушени. Тука не се работи само за антихристијанско, антиканонско, туку се работи за анти македонско дејствување. тука не се работи само за интересите на една соседна црква, во случајот на СПЦ, туку таа ја игра и тројанскаста улога. Тоа е многу подлабоко политижко прашање и за верата е подлабок карактер.

Мислам дека верниците и граѓаните на РМ, а имавме прилика тоа да го слушнеме и низ разни анкети, искажувања, па еве и тука од страна на пратеници, дури и од муслиманската вероисповест кои осудија една ваква политика на СПЦ. во тој поглед имаме многу приближувања и многу блиски ставови.

Самото тоа одбивање ние да расправаме тука, во Парламентот, ја покажуваме нашата историска слабост, секој пат да бидеме поделени по одредени витални прашања. Ако ние сме политичари, а такви се сметаме овде и како такви сме дојдени, мораме да имаме ширина, длабочина и изградена свест, да не се поигруваме со чувствата на луѓето и да не изгледаме секогаш разединети, па ако сакате, визави и од ваквите напади и институции. Нашата разодинетост им дава сила на тие што сакаат да ја разнебитат, не црквата, туку државата. Според тоа, јас се придржувам кон оние размислувања, ние да се договориме, каква содржина сакаме да има таа резолуција, но, да не бегаме од тоа, ова прашање да не се стави на дневен ред и да не расправа по него Парламентот, имајќи ги предвид сите последици кои понатаму од сето тоа можат да произлезат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитувани пратеници,

Ние како пратеници во овој парламент, сме претставници на народот, избрани од народот да ја изразиме неговата волја во Парламентот.

Во овој момент македонскиот народ е вознемирен од она што ни се случува и од турбуленциите кои ја снајдоа МПЦ. Како избраници на народот ние трегба да ја покажеме неговата волја, најмалку декларативно, преку оваа декларација.

МПЦ на некој начин, во овој момент е во одредена криза. Македонската држава многу често била во криза, Многу често сме имале тешки моменти и секогаш зад нас стоела МПЦ, се молеле за доброто на овој народ, се обидувале да внесат еден позитивен дух, едно смирување кај сиромашкиот македонски народ. Оттука, првиот момент кога тие чувствуваат криза, првиот момент кога тие се чувствуваат погодени од некоја страна, мислам дека е вистинскиот момент сите обединети овде во парламентот, за тоа што сите јасно ја знаеме волјата на македонскиот народ, јавно и цврсто да покажеме дека стоиме зад Синодот, дека стоиме зад МПЦ и дека тие не се сами. Тоа е целта на оваа декларација, да ја зацврстиме нивната позиција, најмалку внатре во земјата, најмалку во нивните редови каде што некои, одвреме навреме, денес и во минатото и во историјата се обидува да внесе раскол. Оттука, дозволете ми уште еднаш да ги повикам сите пратеници да го дадат она што е најмалку, а тоа е декларативна поддршка на она што сега може да и помогне на МПЦ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 90 пратеници,

За дневниот ред гласале 28 пратеници,

Констатирам дека предложениот дневен ред не е усвоен.

Со тоа и оваа седница завршува.

Ссредницата заврши во 11,40 часот.